# ЕВРОПСКИ КОМИТЕТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА/ЕВРОПСКИ КОМИТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА СТАНДАРДИЗАЦИЈА CEN/CENELEC Упатство 1

## Статус на европските стандарди

Административниот одбор на CEN посветен да ги замени Меморандумите на CEN/CENELEC со Прирачниците на CEN/CENELEC со соодветниот број на документ (резолуција CEN/CA 18/2001). Како резултат, Меморандумот 1 на CEN/CENELEC беше претворен во Упатство 1 на CEN/CENELEC. Не беше направена никаква промена на текстот на оригиналниот документ (1988).

Генералното собрание на CENELEC преку дописи со договори да ги претвори Меморандумите на CEN/CENELEC наведени во Каталогот на CENELEC во Прирачниците на CEN/CENELEC со соодветниот број на документ. Како резултат, Меморандумот 1 на CEN/CENELEC беше претворен во Упатство 1 на CEN/CENELEC. Не беше направена промена на текстот на оригиналниот документ (1988).

Европски комитет за стандардизација

Rue de Stassartstraat, 36
B – 1050 Brussels

Тел: +32 2 550 08 11
Факс: +32 2 550 08 19

www.cenorm.be

Европски комитет за електротехничка стандардизац ија

Rue de Stassartstraat, 35
B – 1050 Brussels

Tel: +32 2 519 68 71
Fax: +32 2 519 69 19

www.cenelec.org

## Упатство 1 CEN/CENELEC (1 Издание)

## Статус на Европските стандарди

Европските стандарди резултираат од работата на Европскиот комитет за стандардизација (CEN) и Европскиот комитет за електротехничка стандардизација (CENELEC). Тие претставуваат колективен придонес од страна на членовите на CEN/CENELEC[1] кон хармонизацијата на националните стандарди во рамките на Западна Европа на основа примената на начелото на консензус.

Европските стандарди се, меѓу другото, средство за униформирано спроведување на Меѓународни стандарди ширум Западна Европа.

### Член 1

Европски стандард (со кратенка EN) е стандард одобрен од страна на CEN/CENELEC во согласност со Интерните регулативи.
Европските стандарди се „регионални стандарди" во рамките на смислата на ISO/IEC дефиницијата.

### Член 2

Европските стандарди постојат со право и како општо правило се издаваат во три официјални јазици англиски, француски и германски јазик, со униформирано нумерирање и презентација.

Централниот секретаријат на CEN/CENELEC е старател на меродавните верзии на Европскиот стандард и е одговорен за чување на главните текстови во писмена форма или други медиуми.

### Член 3

Централниот секретаријат на CEN/CENELEC е одговорен за расположливоста на Европските Стандарди во однос на Комисијата на Европските Заедници, ЕФТА Секретаријатот, апликантите од земји надвор од членството на CEN/CENELEC и признаените меѓународни организации и Европски институции.

Членките на CEN/CENELEC се одговорни за расположливоста на Европските стандарди на национално ниво на англиски, француски или германски оригинален текст или преведен на еден од другите јазици на земјите членки на CEN/CENELEC.

CEN/CENELEC и членките на CEN/CENELEC се одговорни за спроведувањето и ажурирањето на Европските стандарди и за толкувањето на нивната содржина.

### Член 4

Одобрението на некој Европски стандард резултира од гласање во кое членките на CEN/CENELEC имаат право да учествуваат.

Правилата за гласање на CEN/CENELEC бараат секој Европски стандард да се базира на достаточен договор помеѓу земјите кој се застапувани со цел да се осигура најширока можна применливост на неговите содржини.

---

**1 Напомена: Кога се појавува изразот „CEN/CENELEC" тој се однесува, според контекстот, на CEN или CENELEC или заедно на CEN и CENELEC.**

## Член 5

Одобрението на некој Европски стандард подразбира за членките на CEN/CENELEC обврска да му се даде статус на национален стандард и да се повлече секој конфликтен национален стандард во рамките на договорените периоди, во согласност со Интерните регулативи.

## Член 6

Ако некоја членка на CEN/CENELEC е спречена во спроведувањето на некој Европски стандард преку регулативите или условите надвор од нејзината надлежност за промени, таа сепак ќе стори се во своја моќ да ги воведе промените кои се потребни за да дозволи спроведување.

## Член 7

Членките на CEN/CENELEC имаат обврска да не објавуваат нови или ревидирани национални стандарди кои не се целосно усогласени со Европскиот стандард кој е одобрен или се подготвува. Може да се доделуваат изземања од оваа обврска само преку договор со CEN/CENELEC.

Во итни случаи, поврзани со безбедност или здравје, членка на CEN/CENELEC може да објави измена или дополнение на постоен национален стандард, но е обврзана веднаш да го извести CEN/CENELEC за ова дејство, заедно со целосно оправдување. Веднаш, без одложувања, ќе се започне со потребното дејство на CEN/CENELEC кое ќе ја поправи ситуацијата.